МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
Број на сертификат:
СТ-16/3-023

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр.02-7309/3
10.07.2018 год.

Ул. Аминта Трети бр. 2
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта:info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 60-б од Законот за сточарството („Службен весник на Р.М" бр. 07/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), а во согласност со дел I мерка 6 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година („Службен весник на Р.М"бр.17/18, 62/18 и 100/18) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува:

# ЈАВЕН КОНКУРС
## за изменување и дополнување на Јавниот конкурс даватели на јавни услуги спроведување на мерки и активности од ЗОПОД (Заедничка основна програма за одгледување на добиток) и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД за 2018 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во дел I од Јавниот конкурс за давател на јавните услуги - спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведување на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД за 2018 година зборовите „ трае 5 (пет) работни дена од денот на неговото објавување, нерачунајќи ги деновите од државен празник", се менуваат и гласат „трае до 12.07.2018 година (четврток) вклучувајќи го и 12.07.2018 година".

## II. ВИД НА ЈАВНА УСЛУГА

Во дел III. Вид на јавна услуга во делот „Испитувања извршени за утврдување на квалитетот или приносот во говедарството во Признатата организација за црно-бели говеда" се бришат точките 2.1.1 , 2.1.2 и 2.5.

Во делот „Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во овчарството во признатите организации на одгледувачи на овци" се бришат точките 2.1.1, 2.1.2 и 2.4.

Во делот „Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во козарството во признатите организации на одгледувачи на кози" се бришат точките 2.1.1, 2.1.2 и 2.4.

Во делот „Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во пчеларството во одобрени одгледувалишта на пчелни матици" се брише точката 2.3.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Во делот V. Критериуми за избор после зборовите „добиточно производство" зборовите „/или" се бришат.

## IV. МАКСИМАЛНА ЦЕНА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНАТА УСЛУГА

Во делот VI. Максимална цена за извршување на јавната услуга,
дел VI се менува и гласи:
максималната цена за извршување на јавните услуги за сите делови е 8.200.000,00 (осум милиони и двеста илјади) денари со ДДВ.
Максималните средства по делови се:

| ДЕЛ | МАКСИМАЛНА СУМА СО ДДБ (денари) |
|---|---|
| Говедарство | 1.500.000,00 |
| Овчарство | 1.500.000,00 |
| Козарство | 800.000,00 |
| Свињарство | 1.700.000,00 |
| Пчеларство | 1.200.000,00 |
| Живинарство | 1.200.000,00 |
| Коњарство | 300.000,00 |
| ВКУПНО | 8.200.000,00 |

## V. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Во дел IX. Начин и рок на доставување на пријавите зборовите „е 5 (пет) дена од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат" се менуваат со зборовите „трае до 12.07.2018 година (четврток) вклучувајќи го и 12.07.2018 година"

## VI. ДАТА, МЕСТО И ВРЕМЕ НА ОТВАРАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Во делот VI. Дата, место и време на отварање на пријавите зборовите „За избран се смета оној понудувач кој има поголем број на бодови по ревидирање на бодовите по доставените дополнителни понуди" се бришат.

## VII. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПРОПРАТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Во делот XII. Задолжителна пропратна документација после „60/2013“ се додаваат зборовите „117/2018“.

МИНИСТЕР
Љупчо Николовски

Изработил:Благојче Веселиноски
Контролирал:/Согласен:Трајан Димковски